**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**Бр.** 05-1343/1

25.03. **2020 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), член 4,6,7,9,10 и 11 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија" бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14, 153/15), член 39 став 1 алинеи 1 и 15 и член 15 став 1 алинеја 17 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година и Заклучокот на Советот на Агенцијата, бр. 02-1291/4 од 25.03.2020 година, Директорот на Агенцијата, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за доделување финансиска помош - донација за справување со последиците од Коронавирусот COVID-19

1. Со оваа Одлука се доделува финансиска помош - донација за справување со последиците од Коронавирусот COVID-19, во вкупен износ од 105.000.000,00 (сто и пет милиони) денари на Јавниот радиодифузен сервис „Македонска радио телевизија", радиодифузерите кои вршат телевизиско или радио емитување на територијата на Република Северна Македонија, Министерството за здравство и Министерството за внатрешни работи, од кои:

   - 30.000.000,00 денари на Јавниот радиодифузен сервис „Македонска радио телевизија" за мерки и активности за заштита на своите вработени преку набавка на заштитни средства; за трошоци поврзани со производство, набавка и емитување на програма наменета за деца и млади, но и друг вид програма чија крајна цел е исполнување на улогата на јавен сервис во услови на пандемија и справување со негативните последици врз економското работење на јавниот сервис поради Коронавирусот;

   - 73.000.000,00 денари на комерцијалните и непрофитните радиодифузери кои вршат телевизиско или радио емитување на територијата на Република Северна Македонија за мерки и активности за заштита на своите вработени преку набавка на заштитни средства; за трошоци

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

поврзани со производство, набавка и емитување на програма, за санирање на негативните последици врз нивното економското работење поради Коронавирусот и овозможување нивното непречено функционирање;

- 1.000.000,00 денари на Министерството за здравство на Република Северна Македонија за набавка на стоки/добра и услуги кои се потребни заради заштита на населението на Република Северна Македонија од епидемија на 2019-nCov;

- 1.000.000,00 денари на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија за мерки и активности за заштита на своите вработени преку набавка на заштитни средства и набавка на друга опрема и средства неопходни за извршување на активностите на Министерството за превенција, спречување ширење и справување со последиците од Коронавирусот.

**2.** Средствата од точка 1 алинеја 2 се доделуваат само на оние радиодифузери кои во моментот на донесување на оваа Одлука имаат дозвола за телевизиско или радио емитување и ќе бидат распределени на следниов начин:

- на 116 радиодифузери, кои во 2019 година го имаат платено годишниот надоместок за телевизиско или радио емитување на сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ќе им биде вратен уплатениот износ за надоместокот за дозвола за 2019 година, намален за износот на данокот на додадена вредност. Вкупниот износ на средства кои се доделуваат по овој основ е 35.098.000,00 денари;

- на 98 радиодифузери, кои во 2020 година го имаат платено годишниот надоместок за телевизиско или радио емитување на сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ќе им биде вратен уплатениот износ за годишен надоместок за дозвола намален за износот на данокот на додадена вредност. Вкупниот износ на средства кои се доделуваат по овој основ е 30.001.000,00 денари;

- на 18 радиодифузери на кои во моментот на донесување на оваа Одлука не им е доспеан рокот за плаќање на годишниот надоместок за дозвола, а им доспева до крајот на 2020 година, Агенцијата ќе им издаде фактура чија висина соодветствува на износот на данокот на додадена вредност, пресметан врз основа на висината на нивниот годишен надоместок за дозвола. Вкупниот износ на средства кои се доделуваат по овој основ е 7.901.000,00 денари.

**3.**Финансиските средства од точката 1 на оваа Одлука се издвојуваат од финансиските средства на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020 година, а се уплаќаат на трансакциските сметки на: Јавниот радиодифузен сервис „Македонска радио-телевизија“; на комерцијалните и непрофитните радиодифузери коишто во моментот на донесување на оваа Одлука вршат телевизиско или радио емитување на територијата на Република Северна Македонија и коишто во 2019 година и во 2020 година уплатиле, односно до крајот на 2020 година треба да платат годишен надоместок за дозвола; на Министерството за здравство и на Министерството за внатрешни работи.

4.За предметната финансиска помош - донација за справување со последиците од Коронавирусот COVID-19, се склучуваат Договори за донација помеѓу Агенцијата за

аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и субјектите наведени во точка 1 од оваа Одлука, кои ќе стапат на сила веднаш по потпишувањето од страна на договорните страни, а ќе се применуваат по добиеното позитивно мислење за јавниот интерес од страна на Министерството за правда на Република Северна Македонија.

5. Оваа Одлука да се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а ќе се применува по добиеното позитивно мислење од Министерството за правда на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15[2] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), член 4,6,7,9,10 и 11 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14, 153/15), член 39 став 1 алинеи 1 и 15 и член 15 став 1 алинеја 17 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година и Заклучокот на Советот на Агенцијата, бр. 02-1291/4 од 25.03.2020 година, Директорот на Агенцата, донесе Одлука за доделување финансиска помош - донација за справување со последиците од Коронавирусот COVID-19, во вкупен износ од 105.000.000,00 (сто и пет милиони) денари, на: Јавниот радиодифузен сервис „Македонска радио телевизија“; на комерцијалните и непрофитните радиодифузери коишто во моментот на донесување на оваа Одлука вршат телевизиско или радио емитување на територијата на Република Северна Македонија и коишто во 2019 година и во 2020 година уплатиле, односно до крајот на 2020 година треба да платат годишен надоместок за дозвола; на Министерството за здравство и на Министерството за внатрешни работи. Од вкупно издвоените средства, на Јавниот радиодифузен сервис „Македонска радио телевизија“ му се доделуваат 30.000.000,00 денари за мерки и активности за заштита на своите вработени преку набавка на заштитни средства; за трошоци поврзани со производство, набавка и емитување на програма наменета за деца и млади, но и друг вид програма чија крајна цел е исполнување на улогата на јавен сервис во услови на пандемија и за справување со негативните последици врз економското работење на јавниот сервис поради Коронавирусот. На комерцијалните и непрофитните радиодифузери кои вршат телевизиско или радио емитување на територијата на Република Северна Македонија им се доделуваат 73.000.000,00 денари за мерки и активности за заштита на своите вработени преку набавка на заштитни средства, за трошоци поврзани со производство, набавка и емитување на програма, санирање на негативните последици врз нивното економското работење поради Коронавирусот и овозможување на нивното непречено функционирање. Средствата наменети за радиодифузерите им се доделуваат само на оние кои во моментот на донесување на оваа Одлука имаат дозвола за телевиско или радио емитување, така што на радиодифузерите кои во 2019 и 2020 година го имаат платено годишниот надоместок за телевизиско или радио емитување на сметка на Агенцијата за аудио и аудиовиуелни медиумски услуги, ќе им биде вратен уплатениот износ за годишен надоместок за дозвола за 2019 и 2020 година, намален за износот на данокот на додадена вредност, додека на радиодифузерите на кои во моментот на донесување на оваа Одлука не им е доспеан рокот за плаќање на годишниот надоместок за дозвола, а им доспева до крајот на 2020 година, Агенцијата ќе им издаде фактура чија висина соодветствува на износот на данокот

---

[2] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.248/18).

на додадена вредност, пресметан врз основа на висината на нивниот годишен надоместок за дозвола. На Министерството за здравство на Република Северна Македонија се доделуваат 1.000.000,00 денари за набавка на стоки/добра и услуги кои се потребни заради заштита на населението на Република Северна Македонија од епидемија на 2019-nCov. На Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија се доделуваат 1.000.000,00 денари кои ќе бидат наменети за мерките и активностите за заштита на вработените на ова Министерство преку набавка на заштитни средства; за набавка на друга опрема и средства неопходни за извршување на активностите на Министерството за превенција, спречување ширење и справување со последиците од Коронавирусот. Финансиските средства од точката 1 на оваа Одлука се издвојуваат од финансиските средства на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020 година, а се уплаќаат на трансакциските сметки на Јавниот радиодифузен сервис „Македонска радио телевизија", на комерцијалните и непрофитните радиодифузери коишто во моментов вршат телевизиско или радио емитување на територијата на Република Северна Македонија и коишто во 2019 година и во 2020 година уплатиле, односно до крајот на 2020 година треба да платат годишен надоместок за дозвола, на Министерството за здравство и на Министерството за внатрешни работи.

За предметната финансиска помош - донација за справување со последиците од Коронавирусот COVID-19, се склучуваат Договори за донација помеѓу Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и субјектите наведени во точка 1 од оваа Одлука, кои ќе стапат на сила веднаш по потпишувањето од страна на договорните страни, а ќе се применуваат по добиеното позитивно мислење за јавниот интерес од страна на Министерството за правда на Република Северна Македонија.

Оваа Одлука да се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а ќе се применува по добиеното позитивно мислење од Министерството за правда на Република Северна Македонија.

Врз основа на погоре наведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Министерството за правда на Република Северна Македонија
- Министерството за здравство на Република Северна Македонија
- Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија
- Јавниот радиодифузен сервис „Македонска радио-телевизија"
- комерцијалните и непрофитните радиодифузери коишто во моментов вршат телевизиско или радио емитување и коишто во 2019 година и во 2020 година имаат платено/им доспева рок за плаќање на годишниот надоместок за дозвола
- Секторот за финансии и логистика;
- Секторот за правни работи;
- Сектор за информатичка поддршка и општи работи - архива;
- Секторот за поддршка на работата на Директорот и Советот на Агенцијата.